Стрип 12 – Декември – Намалување на новогодишниот отпад

# ТЕРА
## и борците за промени

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions




ШОПИНГ ЦЕНТАР
ЗА НЕКОЛКУ ДЕНА Е НОВА ГОДИНА, МОРА ДА КУПАМ ПОДАРОК ЗА СЕСТРА МИ
НО, НЕ ЗНАМ ШТО ДА ОДБЕРАМ
НЕ СЕ ГРИЖИ БЛЕРИМ! НИЕ ЌЕ ТИ ПОМОГНЕМЕ!
ВИ БЛАГОДАРАМ ДРУШТВО!
НЕМАМ МНОГУ ПАРИ ТАКА ШТО ЌЕ МОРА ДА ОДИМЕ ВО ПОЕВТИНА ПРОДАВНИЦА
АЈДЕ!
СИГУРНА СУМ ДЕКА ЌЕ НАЈДЕМЕ НЕШТО
ЕЈ БЛЕРИМ, ШТО МИСЛИШ ЗА ЛАНЧЕВО? ЧИНИ САМО 200 ДЕНАРИ!
ДА, СУПЕР ИЗГЛЕДА!
НО ПОГЛЕДНЕТЕ, НАПРАВЕНО Е ОД ЕВТИНА ПЛАСТИКА, ОДМА ЌЕ СЕ СКРШИ
А ОВОЈ СЕТ ЗА КОЗМЕТИКА?
УПС!
ВЕЌЕ Е СКРШЕН!
КРРРЦ!
НЕМА ДА НАЈДАМ ПОДАРОК!
СИТЕ ОВИЕ ПОДАРОЦИ СЕ НАПРАВЕНИ ОД ЕВТИНА ПЛАСТИКА. ЌЕ СЕ СКРШАТ ЗА НЕКОЛКУ ДЕНА И ЌЕ ЗАВРШАТ ВО КАНТА ЗА ОТПАДОЦИ
ХМ, ШТО ДА НАПРАВИМЕ?


МОЖЕШ ТИ ДА Й НАПРАВИШ ПОДАРОК
ХА, НЕ ЈА ЗНАЕШ СЕСТРА МИ
ХА ХА
АКО ЈАС НАПРАВАМ ПОДАРОК, ЌЕ МИ СЕ СМЕЕ
А ЗОШТО ДА НЕ ПРОБАМЕ ВО ПРОДАВНИЦА ЗА КОРИСТЕНИ РАБОТИ? ТАКА МОЖЕ И ДА ЗАШТЕДИШ
ТОП ИДЕЈА! ВРЕДИ ДА СЕ ОБИДЕМЕ!
ПОГЛЕДНИ ГО ОВОЈ ПРЕКРАСЕН ШАЛ! СИГУРНА СУМ ДЕКА ЌЕ Й СЕ ДОПАДНЕ НА СЕСТРА ТИ
ИЗГЛЕДА УБАВО И ЧИНИ САМО 200 ДЕНАРИ
СУПЕР, ФАЛА ВИ МНОГУ
ПРОДАВНИЦА ЗА КОРИСТЕНИ РАБОТИ
А ДА ГО ЗАВИТКАМЕ ПОДАРОКОТ?
ГО МРАЗАМ ТОА
САМО СЕ ТРОШИ ХАРТИЈА, СЕ УНИШТУВААТ ПРЕКРАСНИ ДРВЈА, А НА КРАЈ СЕКАКО ЗАВРШУВА ВО КАНТА
ДОБРО, ДОБРО, НЕ МОРА ДА ГО ЗАВИТКАМЕ. НЕ САКАВ ДА ТЕ ИЗНЕРВИРАМ
СМИРЕТЕ СЕ, ЌЕ ГО ЗАВИТКАМ ВО НЕКОЈ СТАР ВЕСНИК
ЌЕ ИМА РЕТРО ИЗГЛЕД И СИГУРЕН СУМ ДЕКА ЌЕ Й СЕ ДОПАДНЕ
МАЛИТЕ ПРОМЕНИ МОЖЕ ДА НАПРАВАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ

# Совети за родителите

Вашето семејство може да научи како повторно да ги употребувате старите предмети преку неколку едноставни чекори:

- **Дискутирајте:** Разговарајте со децата за количината отпад што се создава за време на новогодишните празници. Прашајте ги да размислат како може да го намалат отпадот за Нова година.
- **Бидете пример:** Објаснете им на децата кои производи присутни во вашиот дом за време на новогодишните празници може да се рециклираат. Обидете се да не купувате на Интернет, бидејќи пакувањето на овие производи создава многу отпад. Размислете да не ги пакувате подароците во хартија оваа година и објаснете им на децата дека со тоа ќе помогнете да се намали количината отпад.
- **Креирајте свесност:** Дајте им на децата некои потрошни материјали како картон, кутија за јајца и стари весници и побарајте од нив повторно да ги употребат. Ако немаат идеи, предложете им да ги искористат за да направат новогодишен украс за на маса.
- **Создадете услови:** Заедно со вашите деца направете новогодишен предизвик за употреба на стари предмети од домот. Земете стари новогодишни украси кои децата може да ги обојат и да им креираат нов изглед. Или договорете се дека годинава секој од вас ќе направи мали подароци за останатите членови на семејството од стари предмети што ќе ги најдете во домот. Зачувувањето на планетата исто така може да биде забавно!

Нова година е прекрасно време за семејството, но тоа не значи дека треба да биде и време за прекумерно создавање отпад. Зборувајте со децата за отпадот што го генерираме за празниците и поттикнете ги од мали да научат да ре-употребуваат стари предмети. Тоа ќе му помогне на вашето семејство да го намали својот „јаглероден отпечаток“ оваа Нова година.

# Забавна активност за најмладите

Исечи ги со ножици овие лампиони и направи уникатни новогодишни украси. Обој ги во твоите омилени бои и стави ги на новогодишната елка. Забавно, нели?



Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflect only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.